СИНИША НОВЕСКИ ЗА СВОЕТО ДЕЛО „ЖЕНА СО ГИТАРА“

# СКУЛПТУРАТА ЌЕ ИМ ГО РАЗУБАВУВА ДЕНОТ НА МИНУВАЧИТЕ

**Работев со голема љубов на скулптурата и мислам дека таа позитивна енергија ќе ја прифатат и граѓаните, вели Новески**



Синиша Новески автор на скулптурата „Жена со гитара“ која е лоцирана на Кејот „13 Ноември“ има дипломирано во 2002 година на факултетот за ликовна уметност во Скопје како најдобар студент на отсекот вајарство во класата на проф. Васил Василев. За време на студиите и потоа, работи како асистент во ателјето на акедемик Томе Серафимовски и проф. Драган Попоски-Дада. Учесник е на повеќе ликовни изложби и колонии во земјава и странство, а добитник е и на неколку откупни награди за скулптура. Денес работи како професор по ликовна уметност во гимназијата во Македонски Брод.

**Вашата скулптура стана дел од центарот на нашата метропола. Дали веќе имате одгласи за тоа како граѓаните го доживуваат вашето дело?**

За мене е голема чест да имам скулптура во Скопје. Ја работев со голема љубов и мислам дека таа позитивна енергија ќе ја прифатат и граѓаните. Досега мислам дека има добри реакции и мислења од граѓаните. Тие знаат што е убаво, а дали скулптурата ќе им биде убава или не тоа треба да го кажат токму тие. Исто така мислам дека и медиумите треба да шират позитивна мисла за проектот за скулптуриве.

**Која беше вашата главна инспирација додека творевте и како ќе го објасните значењето на вашата скулптура во контекстот во кој е поставена?**

Јас како млад уметник, работам фигуративна скулптура и сакам човекот да биде во центарот на моето творештво. Главната инспирација ја добив од љубовта кон жената и музиката. Просторот во кој е сместена скулптурата мислам дека е одличен, се наоѓа на местото каде што има голема фреквенција на луѓе, на местото каде што одмараат, така што скулптурата ќе им свири и ќе им го разубавува денот.

**Преферирате изложување на отворено или во затворен музејски простор?**

Отворениот простор е поголем предизвик за мене, но и поголема одговорност затоа што скулптурата останува подолг период пред публиката и комуницира со неа. Тоа е и мојата цел, скулптурата да биде во постојан контакт со граѓаните. ■

(Д.Т.)

ОД ДЕНЕС ВО КИНОТЕКА

## Ретроспектива на чешкиот филм

Кинотеката на Македонија од денеска до 11 овој месец е отворена за „Ретроспектива на чешкиот филм“, која ќе биде отворена со филмот „Светот нам ни припаѓа“ (20 ч.) на режисерот Мартин Фрич, снимен во 1937 година.

Ретроспективата, на која филмофилите ќе можат да видат уште шест долгометражни филмови е организирана и во соработка со народниот филмски архив и амбасадата на Чешка во Скопје. Гостин на отворањето ќе биде директорот на Народниот филмски архив на Чешка Владимир Опела, кој ќе ја презентира институцијата што ја раководи.

Филмовите претставуваат пресек на чешката кинематографија со особен печат на новиот бран од 60-тите години, еден од највлијателните, најзначајни и естетски најзаокружени филмски правци во минатиот век.

Покрај „Светот нам ни припаѓа“, ќе бидат прикажани и „Далечен пат“ (1950), во режија на Алфред Радок, „Смртоносен пронајдок“ (1958) на Карел Земан, снимен според новела на Јулес Веме, „Интимно осветлување“ (1965) во режија на Иван Пасер, „Бисери на дното“ (1966) - омнибус според кратки раскази на Бохумил Храбал, на режисерите Вара Хатилова, Јаролим Јиреш, Јиржи Менцел, Јан Њемец и Евалд Шорм, „Маргаритки“ (1966) во режија на Вера Хитилова и „Сите добри земјаци“ (1968) на Вахтех Јасни, со кој на 11 мај ќе биде затворена ретроспективата на чешкиот филм. ■